***Македонска нација***

**Почитувани браќа и сестри,**

***Македонска нација*** **Ви ја честита Новата 2024 година, и Ви посакува Господ Бог да Ви дари здравје, Вам и на Вашите семејства, каде и да сте, во светот или во татковината Македонија!**

**Во предвечерието на Нова Година,** ***Македонска нација*** **повикува на семакедонско помирување и обединување, меѓу Македонците во светот, меѓу Македонците во сите делови на Македонија и меѓу Македонците во Р.Македонија!**

**Без разлика на нивната партиска и верска определба, да престанат делбите и кавгите меѓу себе, да си простат едни на други и да се обединат под паролата „Македонија на Македонците“;**

**Да се избориме за зачувување на македонскиот идентитет, јазик и културата;**

**Да инвестираме во Македонија и да ја подобриме економијата;**

**Да отвориме нови работни места и да го спречиме заминувањето на младите образувани кадри од земјата;**

**Да создадеме услови за да можат оние кои сакаат да се вратат во сопствената земја и на своите огништа и заедно да изградиме македонска рајска градина;**

**Идентитетот МАКЕДОНСКИ не е на продажба ниту пак е тема за расправа;**

**МАКЕДОНИЈА и МАКЕДОНЦИТЕ постојат и ќе постојат, додека постои и светот;**

**Во оваа битка за Македонија нема поголем или помал Македонец. Сите сме исти, рамноправни и секој треба да го даде својот придонес. Само така ќе се оддолжиме на сите оние претходни генерации кои животот го дадоа за создавање на ова засега единствено парче слободна и независна македонска држава.**

**Борбата не е завршена, а сите ние треба да го продолжиме нивното дело.**

**Со Македонија не’ има, без Македонија ќе исчезнеме сите заедно!**

**Среќна Нова 2024 Година!**

**Македонија вечна!**

**Амин!**